До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставено Барање за мислење од НУ Драмски театар Скопје, со кое од Државната комисија се бара мислење дали постои судир на интереси доколку биде склучен договор помеѓу директор на јавна установа и лице кое е негов баџанак. Притоа, се работи за склучување на Договор за отстапување на простор за што НУ Драмски театар Скопје има посебна Одлука со која е одредена висината на цената за издавање на просторот.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и членот 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, го издаде следното:

## МИСЛЕЊЕ

Судирот на интереси е дефиниран во членот 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности."

Членот 8 став (4) од истиот Закон содржи дефиниција за поимот „блиски лица". Имено, тоа се лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес."

Според мислењето на Државната комисија, и покрај тоа што баџанак не претставува блиско лице во смисла на дефиницијата од членот 8 став 4 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, сепак во конкретниот случај постои потенцијален судир на интереси кај службеното лице. Поради тоа, ДКСК укажува дека директорот на НУ Драмски театар Скопје како службено лице е должен да внимава и да преземе мерки за одбегнување на ситуации кои ќе го

доведат до состојба на судир на интереси и во таа смисла истиот при вршењето на функцијата е должен да постапува во согласност со член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси според кој, „(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување."

Воедно, Државната комисија е на мислење дека при склучувањето на договор за отстапување на простор што е во склоп на НУ Драмски театар Скопје потребно е да се почитува и соодветно да се примени и Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**